# ПРОФЕСИОНАЛНИОТ ИДЕНТИТЕТ НА ОДДЕЛЕНСКИТЕ НАСТАВНИЦИ НИЗ ПРИЗМАТА НА РЕФОРМИТЕ ВО ОСНОВНОТО И ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Сузана Миовска-Спасева**
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет - Скопје,*
*Институт за педагогија, Република Македонија*
*suzana@fzf.ukim.edu.mk*

*УДК: 37.091.12-051(497.7)*

**Апстракт**

Трудот претставува анализа на современиот образовен и професионален идентитет на одделенските наставници во Република Македонија кој се гради врз основа на спроведените последни реформи во основното и во високото образование. Основната теза од која се поаѓа е дека имплементацијата на деветгодишното основно образование и на Болоњската реформа се „прекршува" врз образованието на одделенските наставници и отвора повеќе прашања кои се однесуваат на нивното образование, компетенции и статус. Вниманието е, главно, насочено кон предизвиците со кои се соочува иницијалното образование на одделенските наставници, при што се укажува на повеќе неусогласености и недоречености кои се однесуваат на дипломите и звањата кои ги стекнуваат студентите со завршувањето на соодветниот факултет, на статусот и компетенциите на профилите кои можат да работат како одделенски наставници, како и на институционалната и програмската поставеност на образованието на одделенските наставници во Македонија. Во трудот се дава и кус компаративен приказ на образованието на одделенските наставници пред и по воведувањето на Болоњскиот систем на работа, во однос на времетраењето на студиите, студиската програма и организацијата и реализацијата на наставниот процес на факултетите кои го подготвуваат овој кадар.

**Клучни зборови:** *одделенски наставници, образование на наставници, реформи во образованието, основно образование, високо образование.*

## Вовед

Образованието на наставниците во Македонија во текот на својата речиси седумдецениска традиција има претрпено значајни промени. Од 1944/45 год. кога се востановува институционален систем за обука на наставниците од основните училишта, образованието на наставниците бележи нагорна линија на, првенствено, квантитативен развој кој се согледува како во однос на времетраењето на школувањето, така и во однос на степенот на образование на кој се остварува. Овој развоен процес е особено евидентен кај наставниците кои работат со ученици во нижите одделенија на основните училишта, кои, вообичаено, се именуваат како одделенски наставници. Така, од првите средношколски образовни институции, учителските школи, кои продуцираат учители во времетраење од четири години, во раните 60-ти години на минатиот век се преминува на двегодишни Виши педагошки школи, подоцна преименувани во Педагошки академии, кои ги оспособуваат учителите на ниво на вишо образование. Потоа, со прераснувањето на педагошките академии во педагошки факултети, оспособувањето на одделенските наставници се

подигнува на универзитетско ниво, со што времетраењето на нивната подготовка се изедначува со онаа на наставниците во вишите одделенија на основните училишта (предметни наставници) и во средните училишта[1].

Последните измени во образованието на одделенските наставници во Република Македонија означуваат свртување од квантитативните, надворешните обележја на развојот кон квалитативни параметри: подигање на квалитетот на образованието и постигнување на негова компатибилност со европските стандарди. Во остварувањето на овие цели, клучни се две системски реформи кои, речиси, истовремено се случија во нашето образование: имплементацијата на Болоњската реформа во високото образование и воведувањето на деветгодишното основно образование.

Болоњскиот систем на работа воведе три циклуси на студии и донесе повеќе измени кои се однесуваат на организацијата, времетраењето и терминологијата на студиите: „старите“ додипломски студии беа заменети со *прв цилкус* на студии (Bachelor degree), двегодишните постдипломски (магистерски) студии отстапија место на новите едногодишни студии на *втор циклус* (Master degree), а наместо менторираната индивидуална работа на докторска дисертација се воведоа тригодишни студии на трет циклус (Doctor degree). Со оглед на тоа што со основањето на Педагошките факултети во 1995 год. и образованието на одделенските наставници стана интегрален дел од високото образование во државата, овие измени станаа задолжителни и за факултетите кои ги подготвуваат, при што секој од нив создаде систем на програмски и организациски решенија кои го одразуваат сопственото разбирање на европските образовни реформи.

Покрај Болоњската реформа, која е глобален европски потфат што треба да овозможи меѓународна транспарентност и академско и професионално признавање на квалификациите на наставниците (Benelux Bologna Secretariat, 2009), врз образованието на одделенските наставници во Македонија се прекршува уште една, „внатрешна“, национална реформа која се имплементира непосредно по онаа во високото образование: продолжување на основното образование од осум на девет години (Стојановски & Чешларов, 2007). Оваа реформа доведе до спуштање на долната граница на задолжителното школување со вклучување на годината пред поаѓање на училиште во основното образование. Истовремено, таа донесе и нова организациска поставеност на основното образование, како и измени во наставниот кадар кој го остварува.

И двете реформи добиваат правна рамка со донесувањето на новите закони за основно и високо образование кои се усвоени во иста година (Закон за високото образование, 2008; Закон за основното образование, 2008). Тие доведоа до значајни измени не само во организацијата и реализацијата на работата на двата потсистеми, туку и во однос на образовниот и професионалниот статус на одделенските наставници, оние кои, всушност, се спој на двата системи, зашто се производ на едниот, а главен актер во вториот. Меѓутоа, имплементацијата на новата законска регулатива во практиката овозможува идентификување на повеќе недоречености и неусогласености кои се однесуваат на дипломите и звањата што се добиваат со завршувањето на студиите на прв циклус, на постојната терминологија во однос на новонастанатите состојби кои се резултат на спроведените реформи, како и на

[1] Повеќе информации за развојот на системот на образование на наставници во Македонија можат да се најдат во Камберски, 2000 и Кантарџиев, 2002.

дефинирањето на статусот на профилите и нивните компетенции. Во продолжение ќе се осврнеме на некои од овие прашања и дилеми.

## Предизвиците на реформите во иницијалното образование на одделенските наставници

Во Република Македонија постојат пет високобразовни установи (кои се составни единици на четири државни универзитети) што подготвуваат одделенски наставници: Педагошките факултети во Скопје и Битола, Факултетот за образовни науки во Штип, Филозофските факултети во Скопје и Тетово. Сите обезбедуваат студии на прв и втор циклус, некои и на трет, при што само првиот циклус ја дава неопходната квалификуваност за работа со ученици од прво до петто одделение во деветгодишното основно образование. Меѓутоа, меѓу различните факултети постојат значајни разлики во организациската поставеност, програмската понуда и профилот на кадар што го продуцираат.

Болоњската реформа и препораките на европските институции за оспособување на наставниците на високообразовно ниво (European Commission, 2005, Council of the European Union, 2007, C300/8), во Македонија не донесоа новина во однос на образованието на одделенските наставници, туку само ја потврдија веќе востановената практика која од 1995 год. постоеше како униформен модел на четиригодишно факултетско образование. Сепак, треба да се напомни дека законската регулатива пред реформите во високото и основното образование овозможуваше вработување и на наставници со пониско, односно вишо образование[2].

Новиот закон за основно образование ја санкционираше задолжителноста на факултетската диплома за сите наставници кои работат со ученици во првите пет одделенија од основното училиште. (Закон за основното образование, 2008). Меѓутоа, со оглед на тоа што Болоњскиот систем овозможува флексибилност во однос на организациските модели на студирање (4+1 или 3+2), и факултетите кои подготвуваат одделенски наставници се определија за еден од двата модела кои водат до различен број кредити (240 или 180) за различни профили. Според Законот за основно образование, во Република Македонија постојат три профили кои можат да работат со ученици од прво до петто одделение: *одделенски наставник*, *педагог* и *воспитувач*, при што воспитувачот може да работи само со првоодделенци. Постојната ситуација во однос на иницијалното образование на одделенските наставници во Македонија е претставена во долната табела.

---

[2] Во периодот од 1995 до 2004 год., во тогаш осумгодишното основно училиште, како одделенски наставници можеа да работат два профила со завршено 4-годишно високо образование: *учител* кој се образуваше на трите педагошки факултети во земјата и *педагог,* излезен профил на Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје. Во наредните три учебни години (2004/05-2006/07) се воведе подготвителна година во основните училишта, во која како наставници можеа да работат педагози, но и воспитувачи со двегодишно вишо образование. Со цел да се надминат разликите во иницијалната подготовка на наставниците кои работат со децата на возраст од 6 год., воспитувачите имаа законска обврска да стекнат диплома на учител (Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование, 2004). Во 2007 год, со интегрирањето на подготвителната година во 9-годишното основно образование, факултетската диплома стана задолжителна квалификација на сите профили кои работат со првоодделенците.

**Табела 1.** Прв циклус на студии за одделенски наставници

| **Факултет** | **ЕКТС** | **Год. на студии** | **Диплома** | **Компетенции за работа** |
|---|---|---|---|---|
| Педагошки факултет Св.Климент Охридски УКИМ-Скопје | 240 | 4 | Дипломиран професор по одделенска настава<br>Дипломиран професор по предучилишно воспитание | 1-5 одд.<br>1 одд. |
| Педагошки факултет УКЛО-Битола | 240 | 4 | Наставник за одделенска настава<br>Дипломиран воспитувач | 1-5 одд.<br>1 одд. |
| Факултет за образовни науки УГД-Штип | 240<br>240 (180) | 4<br>4 (3) | Дипломиран професор по одделенска настава<br>Дипломиран воспитувач на деца од предучилишна возраст | 1-5 одд.<br>1 одд. |
| Институт за педагогија Филозофски факултет УКИМ-Скопје | 240 | 4 | Дипломиран педагог | 1-5 одд. |
| Институт за педагогија Филозофски факултет Државен универзитет-Тетово | 240 | 4 | Дипломиран професор по одделенска настава<br>Дипломиран професор по предучилишно воспитание<br>Дипломиран педагог | 1-5 одд.<br>1 одд.<br>1-5 одд. |

Компаративната анализа на постојната ситуација во петте наставнички факултети овозможува идентификување на одредени состојби кои отвораат прашања и дилеми што заслужуваат поширока елаборација.

### Дипломи и звања: терминолошко шаренило

Евидентни се различните звања со кои се стекнуваат студентите по завршувањето на соодветниот факултет, а кои, всушност, ги квалификуваат за иста работа: наставник од прво до петто одделение (односно прво одд.) во основно училиште. Така, во нивната диплома може да стои: *дипломиран професор по одделенска настава, наставник за одделенска настава, дипломиран педагог, дипломиран професор по предучилишно воспитание, дипломиран воспитувач*. Оваа ситуација е резултат на наследени состојби кои ја одразуваат традицијата на институцијата и развојниот пат во оспособувањето на наставниот кадар во државата, но, истовремено, и на промените што се извршени со последните реформи во основното и високото образование. Заедно, тие создаваат комплексна и, понекогаш, конфузна реалност која тешко може да се преведе во европски еквиваленти.

Во законската регулатива се користи поимот *наставник по одделенска настава*, но во универзитетските дипломи ова звање се среќава или во модифицирана форма, како *наставник за одделенска настава,* или како *професор по одделенска настава*. И двата термина се наследници на поимот ***учител,*** првото и, долго време, единственото звање за професионалец кој работеше во основните училишта во Македонија со деца на возраст од 7 до 10 години. Овој термин беше содржан во називот на првите средношколски установи за образување на наставен кадар, *учителските школи*, што се основаа веднаш по ослободувањето на Македонија во 1944/1945 год; тоа беше главниот профил што го продуцираа двегодишните Виши педагошки школи и Педагошките академии кои ги заменија учителските школи, а така именуван го задржаа извесен период и четиригодишните Педагошки факултети сѐ до 2008 год; дури, називот на една високообразовна институција за наставници го содржеше терминот *учител* (до 2001 год. Педагошкиот факултет во Битола беше именуван Факултет за учители и воспитувачи). Од доцните 90-ти години на минатиот век овој термин, за жал и неоправдано, веќе престанува да се користи во службените документи и се заменува со унифицирираниот термин *наставник* за сите степени на образование. Постепено, неговата примена се прошири и во говорната комуникација меѓу учениците и наставникот, така што традиционалното обраќање *учителке/учителу,* се замени со *наставничке/наставнику.* Сепак, терминот учител сѐ уште може да се сретне во некои учебници кои денес се користат во нижите одделенија на основното училиште.

Дипломата, пак, *професор по одделенска настава/професор по предучилишно воспитание,* која во поново време ја воведоа скопскиот Педагошки факултет и, по негов урнек, Филозофскиот факултет во Тетово, е, веројатно, одраз на истата заложба, но многу понагласено, која услови и замена на учителот со наставник: надминување на традиционално подвоениот статус на наставниците кои работат со деца на различна возраст, што беше изразен со различни именувања: *воспитувач* во предучилишна установа, *учител* во нижите одделенија на основното училиште, *наставник* во вишите одделенија, *професор* во средно училиште. Иако е повеќе од потребно да се нагласи еднаквата важност, па дури и примарноста на наставникот кој работи со помали деца во однос на другите наставници, сепак, употребата на терминот *професор по одделенска настава*, а особено *професор по предучилишно воспитание* тоа не го остварува, бидејќи е вештачка творба која не соодветствува ниту на нашата воспитно-образовна традиција и практика, ниту на современите европски искуства и практики.

Разнообразието е особено големо во звањата на професионалецот кој работи со првоодделенци, бидејќи кон веќе спомenатите варијанти на именувањето на одделенскиот наставник, се придружуваат и педагогот, но, со воведувањето на деветтолетката, и *професорот по предучилишно воспитание* и *дипломираниот воспитувач*, кои во законската регулатива се именуваат како *наставник за предучилишно воспитание* (Закон за основното образование, 2008, чл.42/2). Воспитувачот, наставникот и професорот се, всушност ист профил, со исти квалификации, но со различни именувања. Овие состојби јасно укажуваат на непостоење на терминолошка усогласеност меѓу одделните наставнички факултети, како и меѓу образованието на наставниците и законската регулатива врз која се засновува.

Од друга страна, се поставува прашањето и за соодветството на постојната терминологија во однос на новонастанатите состојби кои се резултат на спроведените реформи. Така, терминот *одделенски наставник* претставува наследство од поранешниот концепт на осумгодишно основно училиште кое организациски беше поделено во два циклуси: одделенска настава (од прво до четврто одд.) и предметна настава (од петто до осмо одд.). Меѓутоа, ова именување не соодветствува на постојната организациска структура на реформираното основно образование. Имено, деветгодишното основно училиште е организирано во три воспитно-образовни периоди (од прво од трето одд., од четврто до шесто одд., од седмо до деветто одд.), а ниту еден од нив не може целосно да се изедначи со одделенската настава, иако во студиската програма на некои факултети стои дека одделенскиот наставник има компетенции за работа во првите два циклуса (Студиска програма за наставник за одделенска настава I и II циклус, Педагошки факултет-Битола). Всушност, задржани се стари именувања за состојби на кои не им кореспондираат. Затоа, сметам дека е од исклучителна важност да се направат терминолошки дистинкции и појаснувања, да се приспособи иницијалното образование на наставниците на новиот концепт на основно училиште и да се усогласат дипломите што ги добиваат дипломираните студенти на наставничките факултети.

## Статус и компетенции на профилите: недефинираност и преклопување

Новата концепција за деветгодишно основно образование доведе, меѓу другото, и до редистрибуција на наставниот кадар: на воспитувачите од предучилишните установи им се овозможи да работат со првачиња, а одделенските наставници „добија“ помала возраст на деца во прво одделение. Овие измени отворија повеќе прашања и дилеми во однос на нивниот статус и компетенции, како и на квалитетот на работата што ја остваруваат:

- Припадноста на воспитувачите е недефинирана, затоа што „седат“ на две столици кои се различно платени, со различен статус и во надлежност на две министерства (Министерство за труд и социјална политика и Министерство за образование и наука), со што се држат раздвоени предучилишната и училишната заедница. Предучилишните установи во Македонија, традиционално, се во надлежност на Министерството за труд и социјална политика, зашто нивната функција, првично, се согледувала како згрижувачка. Меѓутоа, со оглед на воспитно-образовниот карактер на работата што денес ја остваруваат предучилишните установи и воспитувачите во нив, неопходно е да се направи интеграција на сите институции и профили на стручњаци кои остваруваат воспитно-образовна дејност во рамките на единствен воспитно-образовен систем.
- Со оглед на тоа што воспитувачите можат да работат само со првачиња, тие секоја учебна година пречекуваат нова генерација шестгодишни деца. Како резултат на тоа, се доведува во прашање обезбедувањето еднакви услови за школување, бидејќи оние деца кои работат со ист наставник во период од пет години се, секако, во предност во однос на оние кои треба да ја сменат својата наставничка по завршувањето на првото

одделение. Имајќи ги предвид развојните карактеристики и потреби на првоодделенците, од голема важност е да се преиспита улогата на наставниците за предучилишно воспитание во основните училишта и нивното иницијално образование и да се обезбеди еднаков третман за децата во нижите одделенија на основното училиште.

- Сè до 2007 година различните факултети подготвуваа одделенски наставници кои ќе работат со деца на возраст од 7 до 10 год., додека предучилишната возраст, до горна граница 6 години, беше во компетенции на воспитувачите. Со воведувањето на деветгодишното основно образование, одделенските наставници им „влегоа“ во доменот на работа на воспитувачите. Меѓутоа, освен нивната иницијална загриженост за немањето компетенции за работа со помали деца и индивидуалните иницијативи за полагање дополнителни испити заради обезбедување на проширени компетенции, на одделенските наставници безусловно им се дозволи да работат со првачиња. Законодавецот не презеде ништо во однос на ова прашање, ниту, пак, наставничките факултети направија значајни измени во студиските и предметните програми: училишната возраст, едноставно, се помести за една година подолу.

**Институционална поставеност: прекубројност на профили**

За мала држава, како што е Република Македонија, постои голема образовна понуда на акредитирани различни програми кои оспособуваат идни одделенски наставници. Петте наставнички факултети подготвуваат различни профили кои ги одразуваат специфичностите на нивната образовна традиција.

Двата педагошки факултети во Скопје и Битола, како и Факултетот за образовни науки во Штип (до неодамна и тој именуван како Педагошки факултет) споделуваат иста историја: трите се наследници на двегодишните Педагошки академии кои подготвуваа одделенски, но и предметни наставници, што е израз на настојувањата да се обезбеди единствено образование за сите профили на наставници што ја изведуваат наставата во осумгодишното основно училиште и да се подигне образованието на тогашните учители од средношколско на вишешколско ниво. Во 1982 година тие го задржуваат само образованието на одделенските наставници и на предучилишните воспитувачи, а тоа се пренесува и кај нивните наследници, Педагошките факултети, по нешто повеќе од една деценија. Всушност, Педагошките факултети имаат две основни карактеристики кои го обележуваат нивниот институционален развој: продолжување на времетраењето на образованието на одделенските наставници и предучилишните воспитувачи и задржување на практичната ориентираност на студиите.

За разлика од нив, Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје, уште од своето основање во слободна Народна Република Македонија во 1946 год., обезбедува четиригодишно високо образование за поширок профил, педагог, кој може да работи и како одделенски наставник и како предучилишен воспитувач. Оттука, во споредба со Педагошките факултети, Институтот за педагогија има повеќе академски карактер и е фокусиран и на наставно-образовната, но и на научно-

истражувачката работа, за што сведочи и раното организирање на постдипломски и докторски студии.

Најмладата високообразовна државна институција која подготвува наставници, Филозофскиот факултет во Тетово, ги подготвува сите три профили со тоа што нуди три одвоени студиски програми: одделенска настава, предучилишно воспитание и професионална педагогија. Истиот интегрален пристап го следи и Факултетот за образовни науки во Штип кој, освен програмите по одделенска настава и предучилишно воспитание, од учебната 2012/13 год. воведе и нова студиска програма по педагогија.

Со оглед на тоа што Македонија е мал образовен простор со значителен број невработени одделенски наставници поради што се врши континуирано редуцирање на бројот на новозапишани студенти на сите пет факултети, паралелното постоење на различни профили и, особено, нивното понатамошно мултиплицирање, како и некомпатибилноста на постојните студиски програми на факултетите, укажуваат на потребата од преиспитување на институционалната и програмската поставеност на образованието на одделенските наставници во државата и дефинирање на нивните компетенции.

## Образованието на одделенските наставници пред и по Болоњската реформа

Ако се спореди иницијалното образование на одделенските наставници пред и по Болоња, ќе се забележи дека со воведувањето на Европскиот кредит трансфер систем не се направени значајни измени во однос на времетраењето и организацијата на студиите: повеќето факултети ги задржаа постојните четиригодишни студии кои, едноставно, беа претворени во 240 ЕКТС. Исклучок претставуваше само Факултетот за образовни науки во Штип кој, единствен, до учебната 2011/12 нудеше тригодишни студии (180 ЕКТС) за предучилишно воспитување. Законот овозможуваше вработување на предучилишен наставник со различно времетраење на студиите (240 или 180 ЕКТС), со што се создаваше нелојална конкуренција меѓу наставничките факултети, а понекогаш, и нееднакви можности за вработување на дипломираните. Веројатно токму поради овие слабости, Факултетот за образовни науки во Штип го напушти тригодишниот модел и образованието на воспитувачите повторно го врати на предболоњските четири години.

Многу поголеми измени беа направени во студиските програми на наставничките факултети, кои во изминатите десетина години беа неколку пати ревидирани како резултат на постојаните законски измени и, консеквентно, на барањата од универзитетските управи. Ваквите зачестени измени во програмите[3], доведоа до организациски тешкотии во однос на реализацијата на наставата која се одвива паралелно по неколку студиски програми: исти предмети со различен статус (задолжителни/изборни) и различен фонд на часови, различни групи на студенти (од различни институти/одделенија и/или факултети) кои слушаат ист предмет. Ревидирањето на студиските програми отвора и други прашања кои се од

[3] Институтот за педагогија трипати ја ревидираше студиската програма од воведувањето на Болоњскиот систем на работа на Филозофскиот факултет во Скопје во учебната 2004/05 год. Последните измени се направени и се имплементираат во работата со студентите кои се запишани во академската 2013/14 год.

исклучително значење за обезбедување на квалитетно иницијално образование на одделенските наставници:

- Традиционалниот дисциплинарен пристап во студиите беше заменет со модуларен. Тоа значи дека повеќесеместралните предмети се претворија во едносеместрални курсеви со што обемното наставно градиво се сведе на ограничен број лекции чие усвојување, вообичаено, се проверува со тестови на знаења. Студентите учат за да ги положат тестовите или испитот; интересот за дополнителни информации, индивидуалното истражување, критичкото и самостојното размислување, се ретка појава. Особено при изборот на изборните предмети, студентите се раководат од информацијата што ќе ја добијат од претходните генерации за обемноста на материјалот и леснотијата со која се поминува на испит;
- Најголемиот број од студентите учат од учебници, прирачници и материјалите што им ги обезбедуваат предметните наставници[4]. Во последните години значително се зголемува бројот на издадени публикации на наставниот кадар од наставничките факултети, меѓутоа, квантитетот, во случајов, не значи и квалитет, бидејќи не секогаш објавените публикации ги задоволуваат стандардите на квалитетен учебник или прирачник;
- Европскиот кредит трансфер систем се применува повеќе како механички пристап за претворање на фондот на часови по одделните предмети во кредити, а не како сеопфатна пресметка на оптовареноста на студентите.

Најноворевидираните студиски програми на факултетите кои подготвуваат одделенски наставници започнаа да се имплементираат минатата учебна година и тие се однесуваат, главно, на законски пропишаниот сооднос меѓу задолжителните предмети, изборните предмети од факултетската листа и изборните предмети од универзитетската листа (Закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование, 2011, чл. 8), како и на организирањето и спроведувањето на задолжителната практична настава за студентите од сите години. Иако првичните искуства отвораат дилеми околу остварливоста, на пример, на концептот на изборни предмети, имајќи ги предвид значително зголемениот број изборни предмети што им се нудат на студенти од различни програми, различните предзнаења на студентите во однос на одделните предмети, како и на големиот број студенти со кои работат факултетските наставници, сепак е прерано да се одговори на прашањето дали и колку најновите законски измени, и врз нивна основа, изменетите студиски програми, ќе овозможат остварување на посакуваните резултати и унапредување на квалитетот на образованието на одделенските наставници.

4 Неодамнешно истражување на мислењата и ставовите на 240 студенти од факултетите кои подготвуваат одделенски наставници во Македонија за организацијата на наставниот процес покажа дека најголем број од студентите учат од прирачници или учебници кои се напишани од професорот што го држи тој предмет. Многу е мал процентот на оние студенти кои користат книги од други автори, особено литература на странски јазик (Miovska-Spaseva, S., Bocvarova, J., 2011, стр. 14-15).

## Заклучок

Последните реформи во основното и високото образование во Република Македонија имаа за цел да го унапредат квалитетот на образованието и да овозможат доближување на нашето образование до европските стандарди. Но, спроведените реформи доведоа до усложнување на ситуацијата во однос на градењето на професионалниот идентитет на одделенските наставници. Тоа се согледува во наведените, но и во други отворени прашања кои укажуваат на неусогласеноста меѓу законската регулатива, високообразовните институции кои го подготвуваат кадарот и непосредната воспитно-образовна практика. Затоа е неопходно да се направи внатрешна хармонизација на профилот која ќе се базира врз сеопфатна и темелна анализа на постојните состојби, како и врз продлабочено истражување на реформските трендови и нивните импликации во другите земји во регионот и пошироко. Секоја структурна промена на образовниот систем треба да подразбира интегрален и системски пристап, бидејќи само со усогласеност и координираност на интервенциите во различните сегменти можат да се избегнат избрзани, парцијални и неефикасни измени кои доведуваат до расчекор меѓу образовната политика и непосредната воспитно-образовна практика. Само врз таа основа, потоа, може да се постигне толку посакуваната компатибилност и компарабилност во меѓународни рамки.

## Користена литература


1. Benelux Bologna Secretariat (2009). Bologna beyond 2010 – Report on the development of the European Higher Education Area, Backgroung Paper for the Bologna Follow-up Group. Leuven/Louvain-la-Neuve Ministerial Conference, 28-29 April 2009. Retrieved February 18, 2014, from: http://www.ehea.info/Uploads/LEUVEN/Beyond_2010_report_FINAL.pdf.
2. Council of the European Union (2007). Conclusions of the Council and of the Representatives of the Governments of the Member States, meeting within the Council of 15 November 2007, on improving the quality of teacher education. Official Journal of the European Union, C300, 6-9. Retrieved September, 3, 2013, from: http://eur-lex.europa.eu/ LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:C:2007:300:0006:0009: en:pdf
3. European Commission (2005). Common European Principles for Teacher Competences and Qualifications. Retrieved September, 17, 2013, from http://www.atee1.org/uploads/ EUpolicies/common_eur_principles_en.pdf
4. Камберски, К. (ред.) (2000). *Предучилишното и основното воспитание и образование во Република Македонија (развој, состојби и перспективи).* Скопје: Филозофски факултет.
5. Кантарџиев, Р. (2002). *Историја на образованието и просветата во Македонија.* Скопје: Просветно дело.
6. Miovska-Spaseva, S., Bocvarova, J. (2011). ECTS and Conditions for Its Application in the Faculties of Education in the Republic of Macedonia. In Book of Proceedings of the VI International Balkan Congress for Education and Science: *Modern Society and Education*. Skopje: Faculty of Pedagogy "St. Kliment Ohridski", 11-19.
7. Стојановски, Т., Чешларов, М. (уред.) (2007). *Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование*. Скопје: Биро за развој на образованието.
8. Студиска програма за наставник за одделенска настава I и II циклус. Универзитет „Св. Климент Охридски"-Битола, Педагошки факултет-Битола. Retrieved September, 2, 2012, from: http://www.pfbt.uklo.edu.mk/Studiska.U.doc
9. Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование (2004). *Службен весник на Република Македонија,* 103.
10. Закон за изменување и дополнување на Законот за високото образование (2011). *Службен весник на Република Македонија,* 17.
11. Закон за основното образование (2008). *Службен весник на Република Македонија,* 103.
12. Закон за високото образование (2008). *Службен весник на Република Македонија,* 35.